Врз основа на член 35 од Статутот на ЈПССО „Парк – Спорт“ Велес, Управниот одбор на ЈПССО „Парк – Спорт“ Велес, на својата 12-та седница одржана на ден 23.12.2019 година, ја донесе следната

ПАРК-СПОРТ
Бр. 02-2141/3
23.12.2019 год.
ВЕЛЕС

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Годишна програма за работа на ЈПССО „Парк - Спорт“ Велес за 2020 година со Финансиски план за работа**

**Член 1**

Се усвојува Годишна програма за работа на ЈПССО „Парк - Спорт“ Велес за 2020 година со Финансиски план за работа.

**Член 2**

Годишна програма за работа на ЈПССО „Парк - Спорт“ Велес за 2020 година заедно со Финансиски план за работа да се достави на согласност до Советот на Општина Велес

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, односно денот на давањето на согласност од Советот на општина.

**Управен Одбор на**
**ЈПССО „Парк – Спорт“ Велес**

Претседател,
Петар Маџаров

Доставено до:
- Списи и акти на УО
- Архива

ЈПССО "ПАРК-СПОРТ" ВЕЛЕС

# ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
## ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ
## "ПАРК-СПОРТ"
## ВЕЛЕС

# П Р О Г Р А М А
## ЗА РАБОТА ЗА 2020 година

Дел.бр. 02-214/3
23.12.2019 г.
Велес

Врз основа на членовите 35 и 36 од Статутот на ЈПССО „Парк – Спорт“ Велес, Управниот одбор на ЈПССО, на својата 12та седница, одржана на 23.12.2019 година, донесе,

Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти
ПАРК-СПОРТ
Бр. 02-2141/3
03 12 2019 год.
ВЕЛЕС

**ПРОГРАМА**
**за работа за 2020 година**

## I. ВОВЕД

Јавното претпјатие за стопанисување со спортски објекти "Парк-Спорт" Велес има својство на правно лице со права, обвски и одговорности утврдени со Закон, Статут на ЈП и другите општи акти. Во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка, со неограничени овластувања, и за своите обврски одговара со целиот имот и средства,со целосна одговорност.
ЈПССО „Парк-Спорт“ Велес е основано со одлука бр. 0701-127/6 од 29.06.2005 година, усвоена од Советот на Општина Велес, со генерална цел оставрување на дејности од јавен интерес.
ЈПССО "Парк- Спорт" Велес, се финансисира од приходите што ги остварува преку сервисирање на услуги за спортските клубиови и екипи, поединци, групи на граѓани и други заентересирани субјекти од областа на спортот, културата, физичката култура како и издавање под закуп на деловен простор кој не е наменет за спорт и физичката култура.
ЈПССО "Парк- Спорт" Велес, стопанисува со:

-Спортски центар "Гемиџии"
-Сала за гимнастички спортови "Партизан"
-Помошно фудбалско игралиште „Петре Поп Арсов“
-Градски стадион „Зоран Паунов“
-Двоен тениски терен „Андон Лазов – Ќосето“.

Управувањето на ЈПССО е засновано на законската регулатива и Статутот на ЈПССО. Претпријатието е застапувано и претставувано од Директор. а го управувано од Управен одбор составен од 7 члена, именувани од Советот на Општина Велес, додека контролата врз материјално – финансиското работење е од Одбор за контрола на материјално – фиансиско работење составено од 5 члена, именуваниод Советот на Општина Велес
Годишната програма за работа на ЈПССО "Парк-Спорт" Веле, се темели пред се на условите и можностите кои ги нудат спортските објекти со кои стопанисува ЈПССО "Парк –Спорт" Велес, а во кои ќе се одвиваат планираните програмски активности во текот на 2020 година.

## II. ВИЗИЈА

Нашата визија е јасна, едноставна и реално определена,визија за унапредување на менаџирањето на постоечките спортски капацитети прифаќајќи го моделот за партнерство и соработка, со сите чинители на спортскиот живот, култураа и иницијативи за унапредување на условите за квалитетен спорт и развој на културно – уметнички перфоманси, пред се кај младите. Затоа, ние се посветуваме на заеднички напори со основачот на ЈП, Советот и Градоначалникот на Општина Велес, Вардарскиот плански регион, приватниот сектор, здруженијата на граѓани и фондации, да се развиваат капацитетите на спортските објекти, за поквалитетен спорт.

Ќе работиме одговорно и посветено, нашата обврска е да ги следиме потребите на граѓаните на Општина Велес од областа на спортот, физичката култура и рекреацијата. На тој начин можеме да обезбедиме доволно финансиски средства за самоодржлив развој, преку кој директно ќе ја зајакнеме сопствената деловна позиција на пазарот.
Иднината на ЈПССО "Парк-Спорт" Велес, ја гледаме во препознатлив атрактивен и конкурентен спортско-рекреативен центар, со создадени квалитетни услови и услуги за остварување и реализација на планираните програмски активности на спорските друштва и клубовите, здруженија на граѓани, групи на граѓани , поединци и др.

## III. МИСИЈА

Основната мисија на ЈПССО "Парк-Спорт" Велес, е зајакнувањето на сопствената деловна промоција, заради конкуретност на пазарот. Нашата насока е цврста и јасна за ревитилизација и надградување на постојните спортски капацитети со кои располага ЈП, за заштита и унапредување на интересите на спортот, спортистите и спортските клубови.
Мисијата јасно ја отсликува во заложбите за остварување на професионалните императиви - воведување на нови форми и содржини на активности, развивање и изработка на нови иницијативи и проекти за поефикасно и одржливо користување на сите постоечки капацитети и потенцијали со кои располага ЈП, посветени да го подобриме спорско - рекреативен живот на граѓаните на Општина Велес.

## IV. ОСНОВНИ ЦЕЛИ

1. Обезбедување на услови за масовна физичка култура во Општината, преку ставање на располагање на сите спортски терени на сите организирани спортски друштва, клубови, здруженија на граѓани, спортски сојузи, групи на граѓани и слично, за реализација на планирани програмски содржини.
2. Обезбедување на услови за остварување и реализација на програмските активности на спортските друштва и клубовите кои се натпреваруваат во лига систем на натправари и кои преставуваат приоритетни спортови во Општина Велес.
3. Целосно ангажирање на сите потенцијали на ЈП од просторни, технички и човечки ресурси за реализација на програмските содржини од областа на спортот, рекреацијата и физичкта култура, планирани од страна на основачот на ЈП, Општина Велес.
4. Унапредување и надграување на работата на ЈП, преку воведување на нови форми на спортски и рекреативни програмски содржини и активности.
5. Обезбедување на услови за пасивна рекреација за сите заентересирани граѓани во делот на следењето на спортските и рекреативните настани од локален, државен, европски и светски квалитет.
6. Тековно орджување на спортските објекти и терени со единствена цел во секое време да одговарат на својата основна функција за спортот и физичката култура.
7. ЈП ќе се стреми кон санирање на одредени состојби во објектите од инвестиционен карактер.
8. Ќе се настојува секој слободен простор кој не е директно поврзан за извршување на спортско-рекреативните активности, да го ефектуира и да остварува дополнителни финансиски средства кои ќе бидат во функција на подобрување на условите за спортот и физичката култура.

9. Организирање на културно-забавни манифестации се со единствена цел објектите со кои стопанисува ЈП да преставуваат собиралиште на граѓаните на Општина Велес.
10. Во соработка и партнерство со основачот Општина Велес, ќе продолжи да развива и реализира проекти за енергетска ефикасност и искористување на потенцијалите на обновливите извори на енергија.

## V.ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

За остварување на напред наведените цели, ЈПССО во текот на 2020 година, планира да ги реализира следните активности:

## V1.УСЛУГИ НА СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ

V1.1.Спортски центар „Гемиџии"

Во 2020 година се планира да се овозможат услови за реализација на програмските активности на спортските клубови кои се натпреваруваат во организирана лига систем на натпреавари. Во овој период планирано е да се реализираат 650 - 700 тренинзи во траење од 90 минути и околу 80-90 пријателски и првенствени натпревари.
На корисниците на услуги на располагање ќе им бидат дадени гардероби со топла и ладна вода, уредна и чиста игрaчка површина, спортски реквизити, семафор, осветлување според стандардите, трибински простор, санитарии, а на располагање ќе им бидат и вработени кои ќе им помагаат во извршување на програмските содржини.
Подтрибинскиот простор максимално ќе се користи за ПИНГ-ПОНГ тренизи и рекеации на граѓаните пред се младите за промоција и афирмација и возообновување на овој подзаборавен спорт кој во градот имал традиција. Во текот на една година, пред се во соработка со пинг-понг клубовите, се планира да бидат реализирани повеќе од 650 тренинзи во времетраење од 60минути.
Во соработка со клубовите за борење и бокс, ќе се продолжи со овозможување на простор и услови за тренинзи на членовите на овие два клуба, со цел да се развиваат и унапредуваат борењето и боксот како олимписки спортови. За заентересирани групи на граѓани, ќе се продолжи со сервисирање на услуга за користење на аеробик сала, заедно со тушеви, гардероби, вклучувајќи ја и опремата која ја поседуваме.
Покрај давањето на услуги на спортските екипи кои се натпреваруваат во лига систем на натпревари,во текот на годината услуги ќе им бидат дадени и на спортските екипи кои се натпреваруваат турнирски и на спортските екипи од другите општини.

### V.1.2 Клуб за гимнастички спортови "ПАРТИЗАН"

Програмата за работа на "КГС Партизан" Велес за 2020 година ке биде насочена во шест насоки и тоа:
1. Омасовување на членство со што треба да се обезбеди база за развој на спортска гимнастика,
2. Водење на рекреативно-тренажен процес од масовен карактер во сите категории,
3. Водење на тренжен процес со идни натпреварувачи,
4. Коректовна гимнастика,
5. Фитнес за жени и

6. АСГ-атлетска спортска гимнастика.

**1.Омасовување на членство,како основен постулат треба да се постигне преку следниве активности:**

-Пропаганда во јавни гласила (печатење елктронски медиуми)
-Поставување плакати и делење флаери испишани со кратка информација за спортот кој го препорачуваме .
-Непосреден контакт со учениците во основните училишта и градинки.
-Одржување на нагледни часови во училишните сали и салата на клубот "КГС Партизан" Велес.
Со тоа би се поставила солидна основа за квалитетна надградба со услови за развој на спортска гимнастика.

**2.Водење на рекративно тренажен процес од масовен карактер**
ќе има за цел покрај актвиностите неопходни за правилен раст и развој пред се кај помладите категории, да овозможи селектирање на потенцијлни гимнастичари, односно деца со изразена смисла и желба за овој спорт. Истовремено ке има за цел на останатие членови со поснiски моторички способности, да им овозможи активно учество во про гиманстичките рекреативни содржини каде тие ке можат да ги демонстрираат своите физички способности и да се афирмираат како такви, во соодветна програма за масовен спорт, кој ќе се реализира преку натпревари во партизански вишебој.

**3.Активности во рамките на тренажниот процес со идни наптреварувачи,поради својата сложеност ќе се опиши и разработи во две посебни точки:**
А.Програма со работа за почетници "Пионерска гимнастичка школа"
Б.Програма за работа со напредни деца

**Образложение**
А.Пионерска гимнастичка школа
Планот и програмата за работа со деца од оваа категорија ќе ги има следниве задачи:
-да се створи претстава за спортска гимнастика и да даде основни знаења (гимнастиката во својата елементарна форма)
-да овозможи усовршување на психо-моторичките и морфолошките својства и способности, кој се значајни и непоходни за овој спорт како: флексибилност, брзина, сила, експлозивност, кординација, елеганција и др.
-да ги развие позитивните конативни особини кај децката личност како: редовност, трудољубивост, упорност, храброст и др. преку разговор, поука, критика, пофалба и др.
-задача е и на тренерот кој со стручен, професионален и педагошки пристап во текот на целиот тренажен процес да створи љубов кај децата кон овој спорт што е еден од основните и многу важен момент и фактор за успех во работата.

Б.Работа со напредни деца
Покрај веќе наведените задачи за овој повисок степен на обука многу важна е селекцијата од основната група за која нема селекција.

*Правилна селекција*

За успешна работа во понапредна гимнастика од пресудно значење е правилната селекција, односно да се изберат деца со изразена желба,смисла и потенцијал за овој спорт ,бидејќи успехот од работата во наредниот период директно ќе зависи од тој избор.Селекцијата е потребна да се врши на деца со прилично иста возраст 5 до 7 години што е оптимално но не и услов за добар напредок.При изборот треба да се води сметка за следните фактори:

Конституција на телото (оптимален однос маса – висина).

Вродени психо-моторички способности-особини. Изведба на необучувани елементи.

Сите овие својства се прецизно мерливи преку соодветни тестови каде што резултатите даваат јасна слика за потенцијалот на детето

## 4.Корективна гимнастика

Познато е дека живеењето во урбани средини покрај позитивните страни носи и свои негативности.Тој урбан начин на живеење кој се карактеризира со недостаток на физичка активност најмногу негативно се одразува на детскиот организам,кој е во растење а тоа најчесто се изразува во телесни деформитети како:рамни стапала,искривување на рбетниот столб,деформација на градниот кош и др.Бидејќи сето ова е резултат на недостаток на движење и спортување што од своја страна придонесува на слабеење односно недоволно развивање на телесната мускулатура,како превентива најдобра е гимнастиката која како базичен спорт кој пружа заштита и корекција од овој толку чест проблем.Имајќи во предвид дека клубот за гимнастички спортови не е медицинска установа,третманот што ке го спроведуваме ќе го правиме во соработка со доктор-ортопед,оносно според негов наод,ренгенска снимка и анамнеза на родителите.Соодветните вежби ќе се изведуваат под надзор на тренерот.

Цел на оваа програма ,односно со нејзино спроведување е покрај овозможување на правилен раст и развој на младите организми таа да резултира во коректна и современа почетничка гимнастика со што ќе биде стимол и гордост како на младите гимнастичари така и на нивните родители,а се разбира и на нивните тренери,клубот и градот.

## 5.Фитнес за жени

Фитнесот овозможува фантастична можност за одржување на здравјето на телото и духот.Првобитна цел на фитнесот е здрава положба на телото.За да се развие мускулатура,да се запази здрава работоспособност се користат вежби за истегнување со цел за да се запази подвижноста и еластичноста на телото.Фитнесот означува стил на животот кој доведува до одлично здравје и привлечен изглед.

## 6.АСГ-атлетска спортска гимнастика

Во "КГС Партизан" Велес работи и теретаната која овозможува тренинг пет дена во неделата претпладне и попладне, каде што секој член може да ги користи справите кој се нудат во клубот со помош на одговорното лице-тренер.

**V.1.3 Помошно фудбалско игралиште „Петре Поп Арсов"**

На спортскиот објект помошно фудбалско игралиште ќе се овозможат оптимални услови за непречена реализацијана планираните програмски активности и одржување тренинзи и натпревари на Општинскиот Фудбалски сојуз, како и сите организирани фудбалски клубови, академии и школи. Во 2020 година се планира да се надминат 130 тренинзи и окулу75 пријателски и првенствени натпревари.
Серозно ќе се посвети на набавка и монтажа на солар каде корисниците на услугите ќе имаат на располагање нон-стоп топла вода на користење. ЈПССО ќе им овозможи услови за реализација на настаните со чисти соблекувални, функционален и одбележан тревен терен, спортски реквизити, рефлекторски систем за осветлување наменет за користење на теренот во текот на вечерните часови и истиот ќе се настојува да се промени со економични лед ламби, трибински простор,санитарии, а на располагање ќе им бидат и вработени кои ќе им помагаат во узвршувањето на програмските содржини.
За искористување на веќе изработена бушотина за користење на техничка вода која ќе се користи за наводнување на помошното фудбалско игралиште, ќе се посвети на обебзедување на сите документи со кои ќе се стави во функција систем за редовно наваоднување на теренот.

**V.1.4 Градски стадион „Зоран Паунов"**

На Градскиот стадион „Зоран Паунов" ќе се овозможат оптимални услови за непречена реализација на планираните програмски активности и одржување на тренинзи и натпревари и организирани фудбалски клубови, академиии, школи од нашиот град, како и на двата атлетски клуба. Исто така во текот на 2020 година се планира да продолжи соработката со ФФМ преку организација на подготвителни, пријателски или првенствени натпревари за потребите на селекциите на Република Северна Македонија, а во соработка со ОФС Велес и со подршка од страна на ФФМ планираме да продолжиме со реализација на ревијални натпревари и манифестации од меѓународен и хуманитарен карактер. За што во 2020 година, планираме да се надминат досегашните 650 и околу 170 пријателски и првенствени натпревари. Со посебно внимамние ќе се одржи и надогради партнесртсвото со ДСУ СПОРТСКА АКАДЕМИЈА Скопје, која преку ССОУ Гимназија „Кочо Рацин" Велес одржуав редовни наставни часеви на спорстката паралелка.
На корисниците на услугите ке им бидат дадени на располагање висококвалитетен терен од вештачка трева со три звезди,спортски реквизити, осветлување за користење на атлетската патека во текот на вечерните часови. Воедно ќе се изврши реконструкција на трибински простор каде се планира, заедно со Општина Велес и Агенцијата за млади и спорт, да се реконстрираат и изградат објектот за сместување на екипи, нови санитарии, помошни и клубски простории, а на располагање ќе им бидат и вработените лица кои ќе им помагаат во извршувањето на програмските содржини.

**V.1.5 Двоен тениски терен „Андон Лазов - Ќосето"**

Тениските терени продолжуваат со редовно издавање на тенски клубови и тенисери, во работно време од 08.00 до 17.00 часот, и летниот период од 08.00 часот до 21.00 часот со користење на рефлектори. Исто така се планира да се заменат рефлекторите со економични лед лампи каде ќе се намали потрошувачката на струјата. Во текот на годината се планира да се реализираат повеќе

од 400 тренинзи од 60 минути. На корисниците на услугите ќе им биде овозможено да имаат чиста соблекувална со санитарни јазли високо квалитетни терени со акрилна подлога, спортски реквизити. Во теконвната година се планира да се постави трибински простор околу тенискитете терени, согласно условите на околината каде е место положбата.

## VI.РЕКРЕАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Спортските објекти со кои располага и стопанисува ЈП ќе им бидат на располагање на сите заинтересирани граѓани, правни и физички лица кои ќе пројават интерес да спортуваат.

### VI.1 Спортски центар "Гемиџии"

Во 2020 година во спортската сала се предвидува да се проектира и започне со реконструкција внатрешниот простор, пред се санитаринте просории, по сите стандарди за одигрување на меѓународни натпревари, секако ова ќе биде реализиано во соработка со Општина Велес, Вардарскиот плански регион, како и користење на соработката со помош на Владата, Агенцијата за млади и спорт, други домашни и странски агенции, ИПА фондовите наменети за спорт на Европската Унија, и соработка со странски амбасади.

### VI.3 Помошно фудбалско игралиште „Петре Поп Арсов"

Еден од најамлку искористените терени за рекреација, а ги нуди одличните перфромanси за рекреација на фудбал и футсал е помошното фудбалско игралиште. Во 2020 година планирано е да се префрлат, од градскиот стадион, сите тренинзи и рекреативни настани на овој терен, со што ќе биде целосно заживеан.
Во неговите рамки секојденвно, своите програми ги реализираат 3 школи и 1 академија за деца до 14 годишна возраст, како и фудбалските клубови од руралните средини од Велес и Чашка.

### VI.4 Градски стадион „Зоран Паунов"

Започнатата реконструкција на оградата и околината на градскиот старион ќе продолжи со цел за создавање на услови за одвивање на спортски манифестации. Во годината се предвидува во соработка со општината да се гради етапно со најсовремени стандарди со поголем број на гледачи каде може да се одиграат и меѓународни натпревари со атлетска патека.

### VI.5 Двоен тениски терен „Андон Лазов – Ќосето"

Исто така на овие терени, заенетересирани граѓани кои се љубители на тенисот, ќе може да користат редовни термини. Во соработка со Сојузот на училишен спорт на Велес и училишните спортски здруженија, ќе организираме посета и едукација за тенис.

## VII.КУЛТУРНИ АКТИВНОСТИ

Едно од целите на оваа програма а тоа е спортските објекти и терени да станат собиралиште на граѓаните, а особено на младата популација, во текот на целата програма ќе се иницира и ќе се настојува да се реализираат неколку културни манифестации, а исто така спортските објеклти со кои управува ЈП ќе бидат ставени на располагање и на други правни и физички лица за реализација на сопствените програмски содржини и активности од областа на културата.

## VIII. ИЗДАВАЊЕ НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ПОД ЗАКУП

Во рамките на спортскиот центар, има деловен простор кој е разделен на целини и не е директно поврзан со спортско - рекреативните активности и физичката култура. Просторот се наоѓа на ниво 1 приземје, ниво 2 и 3 од источната, западната и северната страна од спортската сала. Во планот за 2020 година ќе се настојува да се искористат и ефектуираат сите просторни капацитети со кои располага ЈП. Издавањето на деловниот простор е континуитет на активностите од 2019 година, во период на регулирање на деловните односи со постојните закупци, кои имаат свои интеревнции преку лични уплати, а ЈПССО е спогоден за нивно заедничко компензирање, со што се решава долгодошне спор меѓу закупци кои повеќе години беа на чекање на регулирање на меѓусебните односи. Ќе се настојува да се издаде под закуп секој расположив деловен простор кој е слободен и неиздаден, а притоа со издавањето да не се попречи и самиот изглед на спортската сала, да не се попречи редовното сервисирање на услугите од јавен интерес и спроведувањето на основната дејност на претпријатието.

## IX.ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА СПОРТСКИТЕ ОБЈЕКТИ

Спортските објекти со кои стопанисува ЈП не се во најдобра кондиција. Посебно тоа се однесува со проблемите кои се јавуваат окулу дотраеноста на електрична, водоводната и канализациона инсталација, основните средства за работа, санитарните јазли, надворешниот изглед на спортските објекти, столчињата за седење, трибинскиот простор, терасните делови кои се доста оштетени, а особено дилатацијата споевите на терасите и површините обложени со плочи и слично. Во текот на 2020 година се планира да бидат санирани дел со сопствени средства, како и со ангажирање на надворешни изведувачи и тоа во делот на замената на електричната, водоводната и канализационата инсталација. Меѓутоа за трајно и долгорочно решавање на овие проблеми ЈП не е во можност самостојно да ги санира сите недостатоци, заради тоа ќе биде во соработка со основачот на ЈП да се изготви анализа и стартегија со конкретни мерки за санирање на дел од недостатоците на спортските објекти.
Важна е континуираната соработка со Општина Велес и Агенцијата за млади и спорт на РМ, ЈПССО за изработка на програма и елаборат за внатрешна реконструкција на спортскиот центар, а со тоа и решавање на еден од најгорливите проблеми со кои се соочува ЈП.

## X.ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во реализација на годишниот план за работа, покрај 6 врабоени на неопределенио време, се планирани активности на досегашните вработувања од 4 работника со договор на определено време, 2 хигиеничарки и 2 работиника за одржување на спортски терени, нивниот работен однос се трансформира во неопределено време . Овие трансформации ќе бидат зависни од нивото на финансиите кога тоа го дозволуваат, исто така потребно е професор по спортски активности за водење на стручни тренинзи. Потребно е да се пополни со времено вработување на лице со електричар исто така и лице со завршен правен факултет како застапник на ЈПССО, кога ќе биде финансиски овозможено.

**XI. ФИНАНСРАЊЕ**

Финансирањето на ЈПССО „Парк – Спорт“ Велес, се финансисира од приходите што ги остварува преку сервисирање на услуги за спортските клубови и екипи, поединци, групи на граѓани и други заентересирани субјекти од областа на спортот, културата, физичката култура како и издавање под закуп на деловен простор кој не е наменет за спорт и физичката култура. Во текот на 2020 година, планираме да се реализира следнит финансиски план:

23.12.2019 год.

**ВД Директор**
**ЈПССО "Парк-Спорт" Велес**

д-р Златко Панчевски

| сметка | ВРСТА НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ | |
|---|---|---|
| | | |
| | **1.ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | **8.459.500** |
| | | |
| 740 | **ПРИХОДИ ОД РЕАЛИЗИРАНИ УСЛУГИ** | **2.820.000** |
| 74000 | Приходи од натпревари и тренинзи | 1.000.000 |
| 74001 | Приходи од рекр.на прав. и физ.лица | 1.200.000 |
| 74002 | Приходи од гимнастички активности | 70.000 |
| 74003 | Приходи од хуманитарни активности | 10.000 |
| 74004 | Приходи од културни активности | 10.000 |
| 74006 | Приходи од манифестации,билети и сл. | 30.000 |
| 74007 | Приходи од фитнес активности | 100.000 |
| 74008 | Приходи од Спортска академија | 400.000 |
| 743 | **ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА М-ЛИ, ОТПАДОЦИ И СЛ.** | **200.000** |
| 747 | **ПРИХОДИ ОД НАЕМНИНИ** | **3.000.000** |
| 765 | **ПРИХОДИ ОД ПРЕТПЛАТА** | **1.000** |
| 767 | **ПРИХОДИ ОД ДОТАЦИИ** | **1.000.000** |
| 769 | **ОСТАНАТИ ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | **1.495.000** |
| 76905 | Останати приходи-вода | 220.000 |
| 76918 | Останати приходи-ел.енергија | 1.000.000 |
| 76919 | Приходи од користење на топлинска енергија | 20.000 |
| 76920 | Вонредни приходи-штети од осигурување | 50.000 |
| 76990 | Приходи по основ на вработени | 5.000 |
| 76991 | Приходи по основ на оттужени побарувања | 200.000 |
| 774 | **ПРИХОДИ ОД КАМАТИ** | **500** |
| 778 | **ПРИХОДИ ОД РЕКЛАМА** | **40.000** |
| | | |
| | **2.РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | **8.447.200** |
| | | |
| 401 | **ТРОШОЦИ ЗА МАТЕРИЈАЛИ** | **578.000** |
| 40100 | Потрошени канцелариски материјали | 18.000 |
| 40110 | Потрош. материјали за чистење (хигиена) | 15.000 |
| 40120 | Потрош. материјали за тековно одржување | 500.000 |
| 40130 | Потрошени заштитни средства | 10.000 |
| 40140 | Потрошени останати материјали | 20.000 |
| 40160 | Потрошени средства за заш.при работа | 15.000 |
| 403 | **ТРОШОЦИ ЗА ЕНЕРГИЈА** | **1.600.000** |
| 40301 | Потрошена електрична енергија | 1.500.000 |
| 40302 | Потрошено гориво | 20.000 |
| 40303 | Потрошени дрва,брикети,јаглен и др. | 80.000 |
| 404 | **ТРОШОЦИ ЗА РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ** | **30.000** |
| 408 | **ТРОШОЦИ ЗА СИТЕН ИНВЕНТАР** | **40.000** |
| 410 | **ТРОШОЦИ ЗА ПРЕВОЗ** | **10.000** |
| 411 | **ПОШТЕНСКИ И ТЛФ УСЛУГИ** | **35.000** |
| 41100 | Поштенски услуги | 5.000 |

ПАРК-СПОРТ ВЕЛЕС

| | | |
|---|---|---|
| 41101 | Телефонски услуги | 30.000 |
| **413** | **УСЛУГИ ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА** | **102.000** |
| 41300 | Услуги за тековно одржување | 50.000 |
| 41301 | Одрж.на компј.опрема (фискални ап. и сл.) | 10.000 |
| 41302 | Сервис на ППА и хидр.мрежа | 30.000 |
| 41303 | Услуги за ДДД заштита | 12.000 |
| **415** | **КОМУНАЛНИ УСЛУГИ** | **702.000** |
| 41500 | Потрошена вода | 540.000 |
| 41510 | Смет, канализација,фонд за води, надомест | 162.000 |
| **417** | **Т-ЦИ ЗА МАРКЕТИНГ, ПРОМОЦИЈА И ДР.** | **15.000** |
| **419** | **ОСТАНАТИ УСЛУГИ** | **55.000** |
| 41960 | Печатење, копирање, умножување и сл. | 5.000 |
| 41970 | Огласи, ТВ и сл. | 25.000 |
| 41990 | Услуги за обезбедување на имот | 0.00 |
| 41900 | Останати услуги | 25.000 |
| **421** | **ПЛАТА И НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА** | **3.600.000** |
| **432** | **ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА** | **500.000** |
| **441** | **ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИТЕ** | **30.000** |
| **442** | **ТРОШОЦИ ЗА НАД.И ДР.ПРИМ.ЗА ЧЛЕН** | **36.000** |
| 44201 | Управен одбор | 24.000 |
| 44202 | Одбор за контрола | 12.000 |
| **444** | **ТРОШОЦИ ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА** | **40.000** |
| **445** | **ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ** | **30.000** |
| **446** | **БАНКАРСКИ УСЛУГИ И ПРОВИЗИЈА** | **30.000** |
| **449** | **ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | **974.200** |
| 44900 | Трош.за интелектуални усл.-(сметк. благај. ревизија) | 100.000 |
| 44901 | Трош.за адвокат, нотар, такси и др.услуги | 100.000 |
| 44902 | Трош.за одрж.хигиена во спортските обј. | 150.000 |
| 44907 | Трошоци за услуги по договор на дело | 600.000 |
| 44908 | Трошоци за парични награди | 20.000 |
| 44990 | Трошоци за Централен регистар | 4.200 |
| **469** | **ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО** | **10.000** |
| **480** | **РАСХОДИ ЗА КАМАТИ** | **30.000** |
| | | |
| | **ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ (1-2)** | **12.300** |